Арх. број/ Num. ark.:

Датум/Data:25.08.2022

**ЈАВЕН ПОВИК бр.03/2022**

Врз основа на член 51 ставови(1), (2) и (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и Одлуката за спроведување на постапка за избор на вршител на дејност регулирано производство на топлинска енергија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 181/22) Владата на Република Северна Македонија објавува **Јавен повик за избор на вршител на енергетска дејност регулирано производство на топлинска енергија**.

Предмет на овој јавен повик е избор на вршител на енергетската дејност регулирано производство на топлинска енергија како јавна услуга за потребите на потрошувачите на подрачјето на дел од градот Скопје и тоа: Општина Аеродром, дел од Општина Гази Баба, Општина Ѓорче Петров, Општина Карпош, Општина Кисела Вода, Општина Центар и Општина Чаир.

Право на учество имаат сите правни лица кои се регистрирани во Република Северна Македонија и ги исполнуваат критериумите за утврдување на способност наведени во тендерската документација.

Тендерската документација по јавниот повик е објавена во електронска форма на веб страницата на Владата на Република Северна Македонија.

Краен рок за појаснувања и поставување на прашања е 1.9.2022 година, а краен рок за доставување на понудите е до 13.9.2022 до 13:00 часот.

Лица за контакт во врска со овој јавен повик се:
Саша Грујевски и Љупчо Камчев,

Е-пошта: toplinska.energija@gs.gov.mk